**УДК 39 (497.=135.1)**

**Неделков Ј. Љупчо (Скопје, Македонија)**

# ЕТНИЧКИОТ КОД НА ВЛАСИТЕ НА БАЛКАНОТ

*Апстракт*: Етничкиот код претставува основа за етничка идентификација на секоја заедница по кој таа се издвојува од другите народи. Власите се една од заедниците за кои е пишувано од разни аспекти и секогаш со тенденција да се поврзат со идентитетот на некој друг народ, без да се води сметка за можноста околу нивниот посебен етнички идентитет. Така, на пример, тие се поврзуваат со: Романците, Римјаните, Грците, Тракијците, Илирите и др. Меѓутоа, ако се земе предвид фактот дека сите заедници настанале во разни историски периоди и под разни историски услови, тогаш најсоодветната дефиниција за етничкиот идентитет на Власите би гласела вака: Власите се заедница со свој посебен етнички код – име, јазик, антрополошки црти, народна носија, типични форми на занимање, посебен менталитет и сл. Во таа смисла ќе се обидеме да разработиме некои од посебностите на Власите по кои тие се идентификуваат како посебна заедница во етничкото милје на Балканот.

*Клучни зборови*: Власи, Ароманци, Цинцари, Карагуни, Фаршериоти, мегленски Власи, етничко потекло, јазик, сточарство, кираџиство, трговија, занаетчиство, религиски идентитет, распространетост.

*Власите* во историските извори се среќаваат најчесто под името *Arătăni*, *Armăni.* Името *Aromani* се базира на народното самоименување, а за прв пат во научната литература го вовел Густав Вајганд (Г. Ваиганд, 1899), кој при крајот на 19 и почетокот на 20 век вршел интензивни теренски истражувања меѓу влашкото население во Грција, Албанија и јужните делови на Македонија. Овој термин е дериват од терминот *romanus* – кој е изведен од името на градот Рим, за потоа во разни форми да се појави како етноним за влашката етничка заедница: *Români*, *Rumâni*, *Rumâri*, а подоцна со додавање на вокалот „*а*“ пред именката – карактеристична форма во ароманскиот јазик – се добиваат термините *Aromâni*, *Arumâni* и сл. Според Нико Попникола, сите овие термини се *егзоними* бидејќи најсоодветен термин за именување на влашката заедница е терминот *Arm'n* (множина *Arm'nj*) (Н. Попникола, 2006: 200).

Во литературата, за нивна колективна идентификација, доста често се употребува и *егзонимот Влав* (множина *Власи*). Во таа смисла, неминовно се наметнува прашањето: кое е етимолошкото значење на терминот *Влав*.

Општо прифатено е мислењето според кое етимологијата на терминот *Влав* (множина *Власи*) е изведена од името на келтското племе

*Volcae* кое живеело во југоисточните региони на Галија (денешна Франција) (T. G. E. Powel, 1958: 81, 141). Оваа племенска заедница се делела на две гранки: *Arecomici* и *Tektosogesi*. Првите живееле на просторот помеѓу реките Рона и Горона, а вторите помеѓу реката Рона и Пиринеите (Н. Вучичевић, 1981: 318). Кај Цезар ги среќаваме како *Volcae*, а кај Страбон и Птоломеј како *Ouólkai* (Victor A. Friedman, 2001: 1). Од друга страна, традиционалната етимологија атрибутот *Volcae* го поврзува со велшкиот збор *golchi* (се мие), ирскиот *folk* (се капе), именувајќи го ова племе како *речни луѓе* – ако се има предвид дека некогаш племето *Volcae* живеело на бреговите на античката река *Volkos* по која го добило името. Поголем број научници, познавачи на келтската историја, се согласуваат дека името на племето *Volcae* е дериват од велшкиот збор *gwalch* (сокол) споредувајќи го со галското лично име *Catuuolcus*, на велшки *cadwalch* (херој), или во буквален превод *воинствен сокол*, иако некои повеќе сакаат да го преведуваат галското *uolko* како *волк*, и со семантичка екстензија *смел воин – скитник*. Но тогаш останува неодговорено прашањето: како дошло до тоа термин со рамничарска (река, речни луѓе) и агресивно-воинствена (волк, сокол) конотација да биде *идентификациски код* за исклучиво номадско-скитничка заедница. Одговорот на ова прашање можеби треба да го побараме во некое друго толкување на зборот *Влав* (множина *Власи*). Во таа смисла, Фон Глик смета дека терминот *Volcae* е дериват од збор поврзан со староирскиот *folg* кој значи *брз, вреден, итар, енергичен* – епитети кои, покрај другото, се карактеристични и за сточарските етнички заедници (Henry H. Howorth, 1908: 417–433). Но, на почетокот овој термин не се поврзувал со сточарските заедници, туку тој станал *идентификациски код* за претставници на разни етнички заедници кои живееле надвор од својот матичен простор.

Познато е дека при крајот на 4 и почетокот на 3 век пр. н.е. Келтите се доселуваат на Балканскиот Полуостров, и тоа во два наврати. За прв пат 280 година пр. н.е. во правец на Македонија и Илирија, а вториот пат со инвазијата на Келтите на Делфи во 279 година пр. н.е. Двете инвазии се одвивале низ подрачјето на Дарданија и Македонија. Тит Ливиј за вториот поход вели: „*Голема и силна миграција од Гали, поттикнати од испостеноста на својата земја, како и од желбата за грабеж, а уверени дека ниеден од народите низ чијашто територија поминуваат не им е рамен по бројност и воена сила, на чело со Брен пристигнаа во Дарданија. Тука изби несогласување и раздор: дваесет илјади луѓе на чело со Ленориј и Лутариј се одвоија од Брен и се упатија кон Тракија*“ (T. Liv. 16: 1). Другите, пак, продолжија кон Грција. И покрај расцепканоста и воените порази, сепак дел од нив останале на ова подрачје, а дел, под водство на Батханат, се пробиле до Подунавјето, каде што се населиле под името Скордијци (F. Papazoglu, 1969: 209–298).

Познато е дека старите Германи за келтски племиња ги користеле називите *Walha, Wlach, Welsch* – со акцент за странец (П. Скок, 1918: 294).

Со романизацијата на Келтите (вториот век пр. н.е.), Германите почнале да го користат терминот *Walha* како за Римјаните така и за целокупното романизирано население воопшто – во смисла на странци, луѓе кои говорат друг, романски јазик. Дури и денеска германското население во Швајцарија за своите француски и италијански сонародници го користи терминот *Welchen*. Романското население кое живее во регионите на денешна источна Белгија го прифатило терминот *Walha* како свое етничко име во формата Валонци (Walons), а за италијанската популација во Полска се користи терминот *Wlochy* (Victor A. Friedman, 2001: 1). На почетокот на средниот век, Словените во источна Европа го презеле од Германите терминот *Walha* (старогерманска варијанта на терминот *Walah*) како име со кое го означувале целокупното романско и романизирано население во формата *Vlakhi* односно *Vlasi* во јужнословенските јазици, *Volokhi* во источнословенските јазици и *Wlochy* во Полска. Подоцна, преку балканските Словени овој термин се одомашил и во грчкиот јазик. Во поново време се смета дека терминот *Влав* влегол во грчкиот јазик непосредно преку германските, односно скандинавските Вериги, кои долго време биле лична стража на византискиот цар (Z. Merdita, 2007: 257).

Во Југоисточна Европа, романизираното население, барајќи спас од инвазијата на *варварите*, почнало да бега по планините, каде што почнале да се занимаваат со номадско сточарство. Значи некаде од 11 век името *Влав* се поврзува со сточарските етнички заедници без разлика на која етничка група припаѓаат. Така, на пример, во Грција со овој термин се означувале сите сточари номади без разлика на тоа дали биле етнички *Власи* или припадници на некоја друга етничка заедница, па во таа смисла зборот *Влав* значи *сточар – овчар* (Д. Антонијевић, 1982: 21). Во Албанија зборот *Влав* е синоним за овчар (Victor A. Friedman, 2001: 1). На слично мислење е и грчкиот истражувач Хриспу кој вели дека името *Влав* означува овчар. Меѓутоа, тој смета дека ова име е фонетски создадено на територијата на Грција. Го создале луѓето од планините кои таму се населиле како војнички чувари, а потоа по потреба станале овчари. Можеби од секојдневното општење со овците кои непрекинато блеат, што на грчки значи *blēchē*, односно *blēchōmai*, или како што се вика денес *belagma*, *belasō* (блеење, блеам), произлегува и зборот *blēchos* или *blachos* што значи имитирање гласови на овците од страна на овчарите за да ја вратат изгубената овца од планината. Оттаму се добило и името *blachos* што значи овчар. Антониос Карамопулус смета дека овој термин произлегува од зборот *fellachos* – име со кое се именувале *Феласите*, припадници на предантичките *Пелазги*, кои живееле на Балканот. Ова мислење не наишло на поддршка кај другите научници, за на крајот и самиот автор да се коригира во однос на оваа теза (преземено од: В. Ј. Трпкоски, 1986: 13). Според Томашек, името *Влах* за првпат на Балканот било регистрирано во 7 век, во една белешка пронајдена во манастирот Констамониту на Света Гора, Халкидики, каде што името *Влах* се поврзува

со Ринхините – *blachorynchioi* – населени околу реката Ринхос (преземено од: В. Ј. Трпкоски, 1986: 24). Подоцна овој термин почнал да поприма и одредена пејоративна конотација. Така, на пример, за време на турското владеење во Босна (1459–1878), муслиманите ги нарекувале православните Срби со терминот *Власи*. Хрватите – католици со терминот *Власи* го нарекувале целокупното православно население, особено кога сакале да го омаловажат и да го потценат – во смисла на *овчари* (Ст. Станојевић, 1929). Оттука може да констатираме дека името *Влав* е *егзоним* со променливо филолошко и етнолошко значење.

Меѓутоа, ако тргнеме од податоците на патописците, (конкретно од F. C. H. L. Pouquevilla, 1826: 333–397; A. J. B. Wace, M. S. Thompson, 1972; W. M. Leake, 1835: 274–311 и други) кои, патувајќи по влашките територии, се запознале не само со нивниот живот, социјална структура, стопанство, духовна и материјална култура туку и со фактот дека *Власите* се состојат од различни племенски заедници, кои меѓусебно се разликуваат не само по карактерот туку и по менталитетот, тогаш не треба да нѐ изненадува и големиот број називи поврзани со оваа етничка заедница.

Така, на пример, во Грција, поточно во Акарнанија, го сретнуваме називот *Пистики*, кој се однесува на помала група Ароманци од Етолија и Акарнанија. Истиот назив е забележан и во Мала Азија, каде што неговите носители се потполно грцизирани, како што е случајот со Ароманците во Беотија кои се нарекуваат *Боми* (Z. Merdita, 2007: 250).

Во Атика и Беотија, под името *Влав*, без обѕир на тоа дали се работи за Албанец или Ароманец, се подразбира *селанец.* За двете заедници се користи и називот *Vlachipitenes* (Z. Merdita, 2007: 250). Грците ги нарекувале и како *Власи* и *Куцовласи*[1], а се употребува и терминот *Ципани*, посебно за оние *Власи* чии жени носат големи марами префрлени на рамената. Но, сепак, влашко племе со таков назив не постои (Z. Merdita, 2007: 251) Под името *Копатшари* се препознаваат оние *Власи*

[1] Спирос Папагеоргиу смета дека името Куцовласи е кованица од две компоненти: првата, како деминутив, се состои од зборот *куцо* со значење ’несовршено, рането, скршено, нешто што куца, криви‘, а втората – *Власи*, со којашто се означува влашката етничка заедница (S. Papageorgiu, 1909). Според една друга теорија егзонимот *Куцовласи* произлегува од една група *Власи* кои зеле учество во крстоносните војни. Како крстоносци носеле крст кој на влашки се изговара ’круце‘, па оттаму го добиле и називот *Круцовласи*. Според едно народно предание, кога *Власите* биле повикани да служат во римската војска, се договориле сите да куцаат на едната нога за да не бидат примени во римскиот воен корпус, па оттаму и го добиле називот *Куцовласи* (Б. Кочишка, 2004: 23). Една друга варијанта името *Куцовласи* го поврзува со човек кој лошо, неточно го говорел грчкиот јазик, па оттаму тој е *сакат, куц, недоучен*. Антонио Балдаци смета дека називот *Куцовласи* настанал во времето на османлиските освојувања. Имено, нарекувајќи ги *Куцовласи* или *Мали Власи*, Турците сакале да направат разлика помеѓу нив и жителите на Романија – Голема Влашка (A. Baldacci, 1932: 36).

кои ги задржале обичаите, законите и носијата, но наместо влашки говорат грчки јазик. Иако овие *Власи* без сомнение имаат влашко потекло, сепак кај другите *Власи* се омразени и во *пејоративна* смисла се нарекуваат „*влашки копилиња*“, бидејќи го заборавиле влашкиот јазик.

*Власите* во Албанија се познати под повеќе називи: *Арванитовласи, Коги, Ромери* и *Доти* – бидејќи често го употребуваат зборот *dot* со значење „ништо“, а за истиот збор Карагуните го употребуваат зборот *hič* „ништо“ или *dip* „ништо“. *Власите* сточари од Тесалија, кои племенски припаѓаат на *Фаршериотите* се нарекуваат *Катшауни* и *Бои*, а оние кои се занимаваат со земјоделство ги нарекуваат *Моцени. Фаршериотите* во јужен Епир ги нарекуваат *Камбуси*, бидејќи зимата ја поминуваат западно од Арта во Кампоси, а на оваа заедница припаѓаат и *Гура* и *Цули* населени во јужна Албанија (Z. Merdita, 2007: 250). *Власите* во Албанија се познати на албански и како *Rëmeri* – термин изведен од латинското *Romani.* Во Албанија *Власите* ги именуваат и како „*Llaciface*“ – термин со пејоративна конотација.

Во Србија, за градските *Власи* се користи терминот *Цинцари*[2]. Бугарите ги именуваат како: *Власи, Влахи, Влаи,* во Турција се познати како *Влах, Олах* и *Чобани*, а Романците за влашката етничка заедница ги користат термините *Ароманци* или *Македороманци*.

*Власите* во средновековниот период се сретнуваат и под називот *Мавровласи,* термин кој често се споменува во далматинските извори од 13 век, заедно со називите *Влах* и *Блах*[3], а во северозападниот дел на просторот од Риека до Трст околу планината Учка во областа Ќиќерија како *Ќиќи* и *Ќирибирци*[4].

---

[2] Називот *Цинцар* има пејоративно значење и потекнува од начинот на изговарањето на бројот пет – *цинци* наместо *чинч* како што бил изговаран од страна на другите Романци (Д. Ј. Поповић, 1937: 8–16). Винифрит вели дека името *Цинцари* е изведено од зборот *quintani* – луѓе кои служеле пет години како легионери или од влашкиот збор *цинци* (пет) и неговиот пискав начин на изговарање (Б. Кочишка, 2004: 24).

[3] Византијците, поради црната носија на *Власите* сточари во Далмација, ги нарекувале *Црни Власи* или *Мавровласи* (Negri Latini), во дубровничките архивски документи се споменуваат како *Мороблахи, Моролахи*, а од 1420 год. кратко *Морлаци* (К. Јиричек, 1922: 112). Овие *Власи* носеле *кабаница* за дожд (морлак), изработена од црни козји влакна, која не пропуштала влага (Х. Д’бово, 1992: 295). Името *Мавровласи* е композит од грчкиот збор *mauros* – црн и *Власи*, па оттука и терминот *Мавровласи, Негри Латини* (Н. Вучичевић, 1981: 321), или вулгарно *Морлаци*, а подоцна по примерот на Турците *Каравласи* (Ст. Станојевић, 1929, s.v. *Karavlasi*).

[4] Во литературата се појавуваат во различна графија: *Chichivis, Zisttzen, Tshitshen, Zitzen, Zutzen, Chichi* итн. (*Enciklopedija Jugoslavije* VI, 1965: 32). Термините *Ќиќи* и *Ќирибирци* немаат исто потекло. Се претпоставува дека името *Ќиќи* настанало од изговарањето на гласот „ч“ при изговарањето на зборот *цинци*, а *Ќирибирци* од *цире-бире*, што би требало да значи *држи добро*, но сепак ова се само легенди.

Во зависност од географското потекло, *Власите* на Балканот имаат, исто така, разни називи. Власите од Албанија се познати како: *Музакири* (*Власите* од Музакија), *Фаршериоти* (*Власите* од пределот Фаршери) и *Москополци* (*Власите* од Москополе). Во Грција ги среќаваме под термините: *Пиндени* (концентрирани околу планината Пинд), *Грамостјани* (*Власите* од планината Грамос), *Епириоти* (*Власите* од Епир), *Олимпјани* (*Власите* кои живееле на планината Олимп) и *Меглени* (*Власите* од Меглен). Во Македонија се познати како *Крушевјани* (*Власите* од Крушево), *Гопешани* (*Власите* од Гопеш), *Амбелоти* (*Власите* од Горна и Долна Белица) и сл.

Според Мердита, просторот на кој терминот *Влав* е најзастапен е доста значаен при одредувањето на етничкото потекло на *Власите*. Имено, тоа е простор кој се наоѓа на потегот Тракија, Македонија и Дарданија, односно екуменскиот простор на племето Беси. На ова треба да се додаде и фактот што во Мезија, Тракија и Македонија се доселуваат, исто така, многу скитски племенски заедници, како што се: Певки, Грутунги, Австроготи, Виртинги, Зигипеди, Келти, потоа Готи, Хуни. Сите тие на овој простор, каде што настанал процес на мешање на народите, имале свој придонес во етногенетските процеси. А познато е дека тоа е долготраен процес, проследен со интеграција и дезинтеграција на различни етнокултурни елементи, при што настануваат и се формираат нови етнички елементи, како што е конкретниов случај со *Volcae*, односно *Власите*. Во овој процес, без сомнение, важна улога имале и колонистите од Италија кои биле носители на римската култура и цивилизација, на латинскиот јазик па и менталитет. За разлика од урбаните центри, селото и планинските подрачја останале надвор од тој културен обрач. За тоа говори и отсуството или слабото присуство на латинскиот јазик надвор од урбаната екумена. Единствено во тој дух може да се разбере фактот дека *Власите* се автохтоно палеобалканско романизирано население создадено на овој простор (Z. Merdita, 2007: 256). Навистина, иако некои византиски автори (Кекавмен, Халкокондил; Z. Merdita, 2007: 256) говорат за миграции од север кон југ, сепак, врз основа на топонимите и другите лингвистички

---

Јазикот денес им е изгубен, но има податоци кои говорат дека на почетокот на 20 век сточарите сè уште го зборувале (*Hrvatska enciklopedija* IV, 1942, s.v. *Ćićarija, Ćići*; *Enciklopedija Jugoslavije* II, 1956, s.v. *Ćići*). *Ќиќите* или *Ќирибирците* за првпат се споменуваат некаде при крајот на 14 век, а една од нивните главни населби, Жејане, се споменува уште во 1395 год., но главнината на *Власите* или *Ќиќите*, како што уште ги нарекувале, доаѓа некаде при крајот на 15 или на почетокот на 16 век. На овие простори се доселиле од северна Далмација, каде што биле познати под називот *Морлаци*. Како сточари најпрво се населиле на островот Крк, а некаде на почетокот на 16 век започнува нивното населување на Истра. Со себе овие луѓе го донеле и јазикот кој сè уште се има зачувано во околината на Чепичкото Поле, каде што населението сè уште ги именува со термините *Власи, Ќиќи, Ромуни* или *Ќирибирци* (*Wikipedia*).

материјали, не може да се заклучи за некоја селидба на *Власите* од север кон југ. Оттука, без обѕир на полемиките околу нивното потекло, може да се заклучи дека *Власите* се посебен и самостоен народ кој никогаш не живеел во заедница со Романците северно од Дунав (Z. Merdita, 2007: 256)[5].

Во историските извори *Власите* се појавуваат периодично. Од изговарањето на историското torna torna frate *Власите* како да исчезнуваат од историската сцена за околу четиристотини години. Иако една група *Власи* под името *Lachtienses* се споменува уште за времето на Јустинијан I (527–565), сепак до 10 век името *Власи* не се споменува. Причината треба

[5] Се разбира дека постојат и други теории за етничкото потекло на *Власите* на Балканот. Првата вели дека *Власите* произлегуваат од староседелци Грци кои ги населувале премините и клисурите по планинските масиви во југозападниот дел на Балканскиот Полуостров. По окупацијата од страна на Рим ова население било ангажирано како чувари на римските граници по високите планински подрачја. Тие, со текот на времето, го научиле народниот говорен латински јазик, па така се формирал еден латинско-влашки говорен идиом (влашкиот јазик). Оваа теорија ја поддржуваат авторите со грчка провениенција: М. Хрисоху, Е. Курилас, С. Папагеоргиу и др.

Други историчари нè информираат дека *Власите* се автохтони Тракоилири, локализирани во централните делови на југот на планината Пинд, Албанија и Грција, каде што формирале широк појас од еден стар етнички елемент. Така, на пример, Папахаџи смета дека *Власите* се од тракоилирско потекло. Германскиот научник Ј. Тунман се согласува со теоријата дека *Власите* се автохтона популација со тракоилирски елементи и ги одделува нив од Дакороманите (J. Thunmann, 1774: 147). Според Боерман, *Власите* се потомци на Илирите кои биле романизирани за време на римската доминација на Балканскиот Полуостров (A. Beuermann, 1964). Карамопулос вели дека *Власите* се латинизирани мали тракиски народи. Томсон и Вејс, во книгата *Балкански номади*, ја поставуваат теоријата дека *Власите* се потомци на романизирани балкански брдски племиња. Тие поставуваат и една смела хипотеза според која *Власите* се можеби некое азиско племе чија татковина е некоја азиска висорамнина од каде што многу номадски племиња во минатото пристигнале во Европа (A. J. B. Wace, M. S. Thompson, 1972). Војислав Стојановиќ, во својата книга *Етногенеза настанка Влаха*, ја изнесува варијантата според која *Власите* се симбиоза помеѓу Тракијците, Келтите и Јужните Словени. Според една друга теорија *Власите* се римски колонисти (легионери, воени ветерани, администратори итн.). Карамопулос ја отфрла теоријата дека *Власите* се колонисти доселени од Италија. Тој вели дека не е за верување граѓани од Италија (со посебни привилегии и римски статус) да бидат донесени за населување на планинските места во овие простори на Балканот.

Теодор Капидан пласира една друга теорија. Тој е на мислење дека *Власите* го претставуваат јужниот огранок на романскиот народ. Тие го задржале своето живеалиште јужно од Дунав уште од времето на римските освојувања. Сепак, сè до 10–11 век нивната историја останува тесно поврзана со онаа на целиот романски народ. Меѓутоа, од тој момент и како резултат на историските настани, тие останале изолирани јужно од Дунав и почнале да живеат одделени од своите браќа од Дакија, среде другите балкански народи (Т. Капидан, 2004: 29).

да се бара во фактот што *Власите* со Каракалиниот едикт од 212 година од новата ера биле опфатени со грчкиот термин *Rhomaioi*, кој се однесувал на слободното население на царството кое го уживало римското граѓанско право и говорело латински. Непосредно по Каракалиниот едикт, во грчките текстови почнува да се прави разлика помеѓу *Rhomaioi* и *Hellenes* (Z. Merdita, 2007: 256).

Кога *Власите* се издвојуваат од заедницата на *Rhomaioi*, името *Влав* се јавува во делата на византиските автори, како последица на нивната индивидуализација. Со тоа се означува и нивниот дефинитивен влез во историјата на Европа (Z. Merdita, 2007: 256).

Во византиските извори *Власите* како етнос за прв пат се споменуваат во 976 година, кога Давид, братот на Самоил, бил убиен во месноста *Убави Дабови* помеѓу Костур и Преспа од скитници *Власи* (Б. Панов, 1985: 524). Важно е да се спомене дека византиските хроничари името *Влав* го користат со етничко значење, и тоа во текот на целото владеење на Византиското Царство. Така, на пример, Ана Комнина, во своето дело „Алексијада", зборувајќи за регрутацијата на војска против Печенезите во 1091 година, меѓу другото вели дека, освен Бугари, во војската биле и „оние кои воделе номадски живот – во народниот јазик познати како *Власи*" (Т. Капидан, 2004: 38). Кекавмен ни дава детален опис на едно востание на *Власите* од Тесалија, во 1066 година, организирано од романските водачи Веривој и Славота, а предводено од големиот војсководец Никулица, против експлоататорскиот режим на царот Константин X Дука (Т. Капидан, 2004: 38). Овој опис е најстар податок за познатите годишни движења на *Власите* од планинските предели во рамнините и обратно (*Византиски извори...*, 1966: 114; С. Антољак, 1985: 50).

Во почетокот на 10 век *Власите* се споменуваат и како жители на Охридската архиепископија во рамките на нејзината диецеза (Б. Панов 1985: 189). Во наредниот век, рабинот Венјамин од Тудела, кој умира во 1173 година, ни ги дава следните детали за пределот во кој живееле *Власите*: „Овде започнува Влахија, чии жители живеат во планините, а и самите го носат името *Власи*. Трчајќи исто толку брзо како и елените, тие слегуваат во земјата на Грците за да опустошуваат и крадат. Никој не може со војна да ги победи, ниеден владетел не може да ги потчини" (Т. Капидан, 2004: 38). *Власите* се споменуваат и во движењето на Петар и Асен (1185 година за време на Второто Бугарско Царство). Паѓа в очи тоа што Никита Хонијат во својот приказ не зборува за Бугарите, туку само за *Власите* (Острогорски, 1992: 484). *Власите* се споменуваат и на територијата на Црна Гора, во запис од 1220 година во кој има долг список на влашки лични имиња (Б. Кочишка, 2004: 44). Во преписката на Инокентиј III со Колојан, бугарскиот владетел, во писмата до папата, се именува како владетел на Бугарите и *Власите* (Б. Кочишка, 2004: 44). Значајни податоци за *Власите* дава и кодексот од времето на кнезот Марко

Гено (октомври–август 1278), каде што се споменуваат влашките сточари како поданици на српските манастири во внатрешноста на Балканскиот Полуостров (Зборник *К. Јиричека,* 1959: 193). Дубровничките записи за првпат ги споменуваат *Власите* во 1280 година; во Хрватска се споменуваат во 1322, во Босна во 1344, а во Далмација во 1375 година.

Во периодот од 13 и 14 век сликата е значително променета во однос на информациите за *Власите*. Меѓутоа, употребата на името Влашка, како алтернативно име за Тесалија, и Влашка во Романија, северно од Дунав, е проблем кој се раѓа во однос на разликувањето на една влашка заедница од друга. Според Винифрит, *Власите* се можеби клучот кој треба да ја отвори вратата за романскиот проблем, а кога таа врата ќе се отвори, најверојатно ќе се најде и клучот за *Власите*. Меѓутоа, дури и да се најде некое решение засновано на убедливи факти, тоа нема да го реши проблемот во целина, бидејќи постојат големи разлики помеѓу *средновековните Власи* и современата влашка етничка заедница, а да не зборуваме и за карактеристиките на името *Власи* кое, како што видовме, е со променливо етнолошко и филолошко значење.

За сето време на византиското и турското владеење *Власите* имале посебни обврски и привилегии, т.е. таканаречен *влашки статус*. Кога Турците навлегле на Балканот, *Власите* веќе биле организирани во посебни сточарски групи на чело со свои старешини: кнезови, пеомиќури, ќаи или шеф на катун. *Власите* биле и војнички организирани и добро вооружени и затоа често биле воено ангажирани од разни војсководци. За да ја искористат ваквата организирана полувоена формација на *Власите*, Турците ги ангажирале како мартолози или дервенџии, а за возврат им давале одредени привилегии, како што се намалување на даноците и признавање на влашкиот статус (В. Ј. Трпкоски, 1986: 33).

Првите вести за прием на *Власите* во турскиот воен систем, како помошна војска, датира од времето на Маричката битка. Балканските *средновековни Власи* уште во 1375 година биле прифатени во редовните единици на коњичкиот војнички род на турската војска. Во документите од средината на 15 век се гледа дека во турската служба имало доста старешини од влашко потекло (Б. Ђурђев, 1947: 78; 1950: 37; G. Palikruševa, 1983: 131–134). На тој начин *Власите* го избегнувале турскиот терор и ја задржале релативната слобода на движење, па така полесно се префрлале кон северните области на Балканот (Унгарија, Влашко). Кон крајот на 18 век опаѓа моќта на централната турска власт, па како резултат на тоа дошло до отцепување на одредени воини како Али-паша Јанински кој воспоставил сопствена власт и режим што довел до масовна преселба на влашкото население кон север. Затоа и се смета дека влашкото население меѓу првите тргнало во миграции во правец на север и северозапад сè до Хрватска и Истра (А. Матковски, 1985: 15). Тоа само докажува дека *Власите* кои сезонски или трајно мигрирале на север го

наметнале името *Власи* на сето сточарско население уште во средновековниот период.

Во овој период словенските хроничари кои го покриваат доцниот среден век и раниот период од новиот век носат уште поголема забуна за *Власите*, користејќи го нивното име за сите сточари, а најмалку за самите *Власи* (С. Антољак, 1985: 696).

Периодот на 19 век е период на слабеење на Отоманската Империја кога се јавиле револуционерните и ослободителни стремежи на балканските народи. Овие движења кулминирале со формирањето на балканските национални држави: Србија, Грција, Бугарија и Албанија. Со нивното формирање влашкиот етнички идентитет добива нова конотација. Нивните историчари настојуваат да го оспорат влашкиот идентитет на своите територии за разлика од Романците кои настојуваат *Власите* да ги прикажат како свое автохтоно население.

Српските историски извори како да немаат расчистено со етничкиот идентитет на *Власите*. Според некои автори, во Првото српско востание од 1804 година зеле учество и голем број влашки војводи и борци. Многу српски историчари пишувале за улогата на *Власите* и во Второто српско востание, како и за нивата улога во ослободувањето на Србија каде што се истакнале како политичари, дипломати или како видни трговци во формирањето на српската граѓанска класа и на чаршијата (В. Ј. Трпкоски, 1986: 35). Од друга страна, може да се забележи дека кога се споменуваат *Власите* на српска територија, тогаш тие најчесто се третираат како етнички неопределени, се одредуваат како социјално-професионална структура, или се третираат како Срби, што е во спротивност со српските средновековни извори (Z. Merdita, 2007: 143–182).

Грчката историја го негира постоењето на *Власите* како посебна етничка заедница. Првиот грчки автор кој го негира посебниот идентитет на *Власите* е Хрисокос. Според него *Власите* се потомци на латинизирани грчки граничари поставени на македонската граница по паѓањето на Македонија под римска власт. Тоа се Грци кои го прифатиле латинизираниот влашки јазик. Меѓутоа, добро е познато дека за време на римскиот период грчката култура ја задржува својата доминација во одредени граници. Познато е дека таа била повитална и го продолжила својот развој и за времето на Римското Царство. Меѓутоа, како што истакнува Мердита, во негирањето на влашкиот идентитет важна улога одиграле и некои историчари од влашко потекло. Имено, само така можеле да се интегрираат во грчкото општество и да создаваат научни и политички кариери (Z. Merdita, 2007: 83–92). Интересен е податокот кој Винифрит го споменува во својата книга „*Власи*" каде вели дека еден од првите и најдобар претседател на грчката влада бил Ване Колетис – *Влав* кој се облекувал како Турчин, а пред тоа бил дворски лекар кај Али-паша Јанински (Б. Кочишка, 2004: 46).

Кога станува збор за *Власите* во албанските историски извори, треба да се истакне дека албанските автори (Сами Фрашери, Фаик Коника, Исмаил Кадаре итн.) ја негираат влашко-албанската симбиоза. Но сепак, треба да се истакне фактот дека *Власите* во Албанија мора да се поврзат со најмалку три историски моменти. *Власите* заедно со Албанците и Грците зеле учество во востанието против Никејското Царство, како учесници во граѓанската војна помеѓу Палеолог и Кантакузен, на страната на цар Душан. Покрај тоа, *Власите* се споменуваат и како доминантно население на градот Воскополе, како што *Власите* го нарекуваат Москополе, во близината на Корча во југоисточна Албанија, а освен тоа, во историските извори често се споменуваат и влашки етноними кои и денеска постојат во Албанија, факти кои поткрепени со најновите етнографски и лингвистички проучувања ја поддржуваат тезата дека влашко-албанската симбиоза сепак постоела (Z. Merdita, 2007: 59–72).

Бугарите, исто така, го негираат постоењето на влашкиот елемент на нивна територија. Но фактите говорат спротивно. Да се потсетиме на кореспонденцијата на папата Инокентиј III (1198–1216) со бугарскиот цар и надбискуп на Трново во која јасно стои дека во царството на Асен, покрај Бугари Словени, има и Латини односно *Власи*, што одговара на бугарско-влашка симбиоза, односно кохабитација (Z. Merdita, 2007: 73–82). Вангел Трпкоски смета дека во комитските и ајдутските чети во Бугарија зеле учество и *Власи*, и покрај тоа што бугарските историчари тоа го негираат (В. Ј. Трпкоски, 1986: 38).

Од друга страна, романските историчари (Г. Мурну, Т. Капидан и др.) настојуваат да ја докажат автохтоноста на *Власите* на подрачјето северно од Дунав, а да ја негираат тезата за потеклото на *Власите* на подрачјето јужно од Дунав. За романските историчари *Власите* се Романци кои помеѓу 6 и 10 век се одвоиле од главнината на романскиот етнички корпус. За нив *Власите* се Романци, но претпазливи се во изедначувањето на Романците со *Власите*.

Основното занимање на *Власите* било сточарството – овчарството. Тоа се развило околу планините Пинд, Грамос, Олимп, северен и јужен Епир итн., а потоа се проширило и на Шара, Бистра, Осогово, сѐ до Србија и Хрватска (В. Ј. Трпкоски, 1986: 22).

Некогаш со своите стада се движеле по целиот Балкански Полуостров водејќи номадски живот. Подоцна, кога се населиле во краевите во кои и денес живеат, номадскиот го замениле со полуномадски начин на живеење. Летно време со стадата заминувале на планините, а зимно време се враќале во рамнините, каде што можеле да обезбедат доволно храна за нивните стада. Така, овчарите од Пинд во летниот период слегувале со своите стада во Тесалиската Рамнина; порано тие стигнувале до Акарнанија, Етолија, Атика, па сѐ до Пелопонез. *Власите* од Грамос се селеле со своите стада на уште поголема далечина: некои од нив

стигнувале кон исток сè до Тракија, други продолжувале на север во Македонија и во планините на Бугарија. *Власите* од Албанија се движеле кон југ во Акарнанија и во Етолија, на север во Србија и, по повеќемесечен пат, пристигнувале на далматинскиот брег (Т. Капидан, 2004: 54–55).

Овчарството доста се развило за време на турското владеење. Турците го стимулирале сточарството, бидејќи имале потреба за снабдување на турската војска со сточарски производи. Поради тоа *Власите* сточари биле ослободени од разни давачки, па во таа смисла, овчарството како стопанска гранка било доста рентабилно.

Овчарските семејства кај *Власите* биле организирани во големи групи составени од повеќе семејства наречени *fălcăru*, односно *celnicati*, на чие чело стоел старешина *flkar* кого тие го нарекувале со словенскиот збор *celnik* со етимолошко значење *шеф*. Тој ги извршувал сите значајни функции во сточарската заедница: го одбирал местото за напасување на стоката, ги ангажирал ќаите, склучувал договори за пласман на производите, а бил и еден вид судија во евентуални меѓусебни спорови (В. Ј. Трпкоски, 1986: 22).

Со слабеењето на Отоманската Империја *Власите* почнуваат да ја губат својата привилегирана положба. Наместо како слободни сточари и војници, со посебен социјален и економски статус, *Власите* почнале да се ориентираат кон други стопански дејности.

Секое семејство, покрај овци, поседувало и извесен број коњи и маски, кои ги користеле за превоз на свои стоки и стоки на поединци. Ова занимање настанало кога *Власите* почнале сами да ги продаваат своите производи: кашкавал, маст, волна и производи од волна, па на тој начин станале и карванџии. *Власите* карванџии ја пренесувале и поштата за населението, бидејќи тогаш не постоел друг превоз освен карваните. Транспортот бил доста исплатлив и им носел добри приходи (Т. Капидан, 2004: 61).

Како карванџии *Власите* имале можност да ги запознаат градските центри и можностите кои тие ги нудат, па така, добар дел од *Власите* се преориентирал на трговија. На почетокот *Власите* биле патувачки трговци. Тргувале со сол, масло во тулуми или мешини, сирење, кашкавал. Патувале по целиот Балкан од каде што носеле потковици, клинци и други предмети наменети за продажба (В. Ј. Трпкоски, 1986: 22). Преку трговијата *Власите* имале можност поблиску да се запознаат со различни занаети. Како занаетчии *Власит*е биле особено познати по своите кујунџиски производи, но биле ценети и како казанџии, абаџии, калајџии, меанџии и др. *Власите* биле надалеку познати како мајстори за преработка на волна и како производители на прочуените влашки јамболлии, наречени *flucati.* Тие биле и добри ѕидари, резбари, столари и зографи. Со текот на времето формирале и свои оази каде што занаетчиството и трговијата биле издигнати на највисоко ниво. Таков бил градот Москополе.

18 век за *Власите* претставува златно време на трговијата. Со Карловачкиот мир (1699) и Белградскиот мир (1739) трговската дејност почнала посебно да се развива. Меѓутоа, новите трговски регулативи, наметнати од страна на Млеќаните, кои се однесувале на увезената стока од Отоманската Империја, предизвикале економски колапс на многу трговци од Москополе, Охрид и од други градови. Како последица на тоа дошло до напуштање на прекуморската трговија ориентирана преку Драч и до трасирање на нов трговски пат кон Белград, Унгарија, Австрија, Германија, Полска, Русија и др. земји. Со тоа почнува и ерата на големите миграции на *Власите* на Балканот.

Во некои балкански земји *Власите* имале главна улога не само во развојот на внатрешната трговија туку и во формирањето на граѓанската класа. Д. Ј. Поповиќ ни кажува дека, пред повеќе од еден век, *Власите* трговци од Белград биле толку многубројни што целиот дел од градот во кој се наоѓал пазарот и цели улици биле населени со нив; со еден збор, најголемиот дел од трговијата бил во нивни раце (Т. Капидан, 2004: 60–69). Нивното присуство по градовите на Балканот го дало и печатот на градскиот живот, што во голема мера придонело за урбанизација и развој на многу градови на Балканот, како што се: Букурешт, Софија, Белград, Битола и други (Д. Ј. Поповић, 1937).

Влашкиот јазик, како и другите јазици од романското јазично семејство, потекнува од народниот (вулгарен) латински јазик. Процесот на романизацијата на Балканот започнал по римското освојување. Римските колонисти од Апенинскиот Полуостров се измешале со староседелците, со илирско-тракиските племиња. Од таа симбиоза настанала една од варијантите на романскиот јазик, каква што среќаваме на почетокот на средниот век на подрачјето на денешна Италија, Франција, Шпанија и Португалија. Тој јазик на Балканот се развивал под силно влијание на локалниот илирско-тракиски супстрат. Каква била фонетската структура на овој јазик е тешко да се каже поради недостатокот на пишани извори врз чија основа би можел да се реконструира. Овој вулгарнобалкански латинитет со текот на времето почнал самиот да се диференцира така што може да се говори за западен балканско-романски јазик, кој потполно исчезнал, и источен балканско-романски јазик. Од последниот настанале денешниот романски, аромански, како и јазикот на *мегленските* и *истарските Власи* (Б. Настев, 1980: 9).

Најраниот пишан документ за употребата на влашкиот јазик на Балканот го даваат грчките писатели од 4 век Прокопиј и Теофан. Во списокот на утврдени места Прокопиј навел неколку типични влашки имиња како што се: sceptecases (впечатливи колиби) и gemellomuntes (планини близнаци). За првите слушнати зборови на влашки јазик нѐ известува Теофан кој дава опис на една битка од 579 година која се водела помеѓу Аварите и Византијците. Двајцата византиски генерали Кометеолос и Мартинус имале запоседнато позиција во една шума низ која требало да

помине војската на Аварите на чело со нивниот војсководец Хоган. Аварите минувале претпазливо и тивко, и тогаш од една маска почнал да се лизга товарот, при што некој војник, кој се служел со свој дијалект, извикал: *torna torna frate*! (врати, врати брате) – со цел да го предупреди неговиот пријател дека товарот на неговата маска почнал да се превртува. Бидејќи овие зборови не биле добро разбрани како од страна на *Византијците* така и од страна на *Аварите*, двете војски почнале да бегаат на различни страни. Овие зборови, како што наведува Теофилакт, биле изговорени на влашки јазик (Н. Попникола, 2004: 115).

Како последица на општествените услови и целокупните историски збиднувања, влашкиот јазик не се развивал перманентно и систематски, па оттаму се чувствува и силно влијание од грчкиот, албанскиот, па и словенскиот јазик. Со оглед на тоа дека *Власите* никогаш не изградиле матична држава, тие ги говорат и јазиците на соседните народи на Балканот. Во основа за сите *Власи* може да се каже дека се билингвисти.

Што се однесува до конфесионалната припадност, *Власите* припаѓаат на православната религија. Познато е дека христијанството кај номадските народи е испреплетено со елементи на паганизам. Папата Гргур IX (1227–1241) во писмото до кралот Бела IV од 14. 11. 1234 година вели „*дека Власите, иако се сметаат за христијани, имаат обичаи кои кон христијанството се непријателски*“ (Z. Merdita, 2007: 256).

Во една друга прилика, византискиот автор Кекавмен ги нарекува неверници, односно празноверни со многу пагански елементи. Оттука, Василиј II наречен Бугароубиец, со цел да ги стави под своја контрола, во 1020 година формира посебна епископија за *Власите* со седиште во Врање, која била под јурисдикција на Охридската архиепископија. Оваа влашка епископија била наменета за сите *Власи* на Балканот. Покрај оваа, во 14 век се формирани и други епископии, како што се оние во Лерин и во Прилеп (Z. Merdita, 2007: 256). Меѓутоа, ако се земе предвид нивната блискост до аријанството и семиаријанството, тогаш може де се разбере и нивната тенденција кон премин од една во друга конфесија, конкретно во богомилство, а подоцна и во ислам. Понекогаш воведувањето во исламската религија се одвивало и со присила, каков што е случајот со *Власите* од селото Ноќе (Меглен), кои, за да ги спасат своите животи, морале да го прифатат исламот за своја религија.

*Власите* се распространети по целиот Балкански Полуостров, а особено во Грција каде што се јавуваат како компактна маса.

Во Грција тие го заземаат централното пиндско подрачје до 1.000 метри надморска височина. Нивната јужна граница се движи приближно по долината на реките: *Арта, Аспропотам* и *Саламврија*, односно во областа на врвовите *Каркадице* (2.488 m), *Агоа* (2.148 m) и *Лупате* (2.038 m) (Д. Антонијевиќ, 1982: 2–20). На планината *Смолика* се наоѓа *Самарина*, една од најголемите влашки општини, како и *Фурка, Бреаза, Армата, П'ж* и *Палисели.* Кон југ, на планините *Василица, Куло, Ои* и *Мавровуни*, се

наоѓаат општините: *Авдела, Перивол, Тура, Смикси, Лабаница, Амери, Палтин* и др. Понатаму на југ, во областа која се наоѓа помеѓу горниот тек на *Аспропотам* и *Саламврија* се наоѓа *Метсово*, најголемиот влашки центар. Потоа следат општините сместени по текот на реката *Арта*: *Киаре, Витуноси, Сираку, Калари* и други помали места (Т. Капидан, 2004: 10).

Друга област населена со *Власи* е *Загора* која се наоѓа западно од реката *Расинит*, притока на *Арта*. Поголеми влашки области се: *Лаишта, Палихори, Добриново, Макрини, Фламбурари, Цернеш, Гребени, Драгари, Долијани* и др. (Т. Капидан, 2004: 10).

Компактна маса *Власи* има и во Тесалија. Таму, скоро сите влашки села се групирани околу градот *Трикала*. Во оваа област *Власите* на исток се распространети сè до *Лариса, Трнова* и *Еласона* (Т. Капидан, 2004: 10–11).

На планината Олимп најголеми влашки населби биле: *Влахоливада, Фтери* и *Кокинопули.* Во околината на Солун *Власите* се населени на планината *Негош* и во повеќето села како: *Селија, Долјани, Хироливада, Волада, Маруса, Кастанија, Таркован*и и др. (Т. Капидан, 2004: 11).

*Власи* имало и во близината на Воден во селата: *Кандрова, Граматиково, Фетита, Патикана*, потоа во околината на Лерин (Florina), *Писидери, Невеска, Влахо-Клисура, Хрупишта* и др. Во североисточниот дел на Грција *Власите* биле населени во: *Серес, Кавала, Драма, Ксанти* и во некои помали места (Т. Капидан, 2004: 11).

Во областа Меглен *Власите* се населени во: *Н'те, Луганци, Бориславци, Хума, Лумница, Купа, Ошани, Баровица, Конско* и *Серменин.*

Во Албанија *Власите* биле населени скоро во сите поголеми места: *Корча*, *Елбасан, Берат, Тирана* и др. Освен по градовите биле населени и по селата во областа *Музакија*, а како најбројна заедница биле населени во Москополе и во други места.

*Власите* во Бугарија ги имало во помал број. Тие биле населени особено во Западна Бугарија во Шопската област. Освен во Софија, ги среќаваме и во: *Пловдив, Котел, Пазарџик, Самоков, Плевен, Ќустендил, Виден, Свиштов* и *Русе* (В. Ј. Трпкоски, 1986: 119–121).

Во Македонија, во минатото а и денес, *Власите* се населени во: *Нижополе, Магарево, Трново, Гопеш, Маловишта, Горна* и *Долна Белица, Крушево, Штип, Кочани, Битола*, а ги има и во *Куманово, Охрид, Велес, Ресен, Скопје* и во други места.

Денеска е тешко да се одреди бројот на *Власите* на Балканот. За тоа постојат неколку објективни причини. *Власите*, освен во Македонија, во другите земји не се признати како национално малцинство, па според тоа, во пописот на населението, администрацијата на државите во коишто живеат ги евидентира *Власите* како домицилно население. Од друга страна, *Власите* самите се изјаснуваат како припадници на мнозинскиот народ за да не се чувствуваат хендикепирани во општествениот живот, а еден дел е и асимилиран од домицилното население. Голем број *Власи*, во

разни историски периоди, го напуштиле Балканот и се населиле во западноевропските и прекуокеанските земји каде што се интегрирани во системот на државите како нивни граѓани. Оттука, проценките за нивниот вкупен број се апроксимативни и во релација со објективниот или субјективниот став на истражувачот. Така, на пример, Томсон и Вејс (A. J. B. Wace, M. S. Thompson, 1972: 10) сметаат дека во Грција (пред да започнат политичките турбуленции) има околу 600.000 *Власи*. Густав Вајганд, кој ги проучувал *Власите* дваесет и пет години пред нив, калкулира со бројка од 373.520 луѓе. Според Јован Цвијиќ (Ј. Цвијић, 1906) нивниот број не е поголем од 150.000 до 160.000 луѓе. Т. Капидан (2004: 17) смета дека нивниот број во Грција, Југославија, Бугарија и Албанија изнесува од 300.000 до 350.000 лица. Сараманду дава други податоци. Според него во Грција има од 250.000 до 300.000 Власи, во Албанија од 70.000 до 100.000, во Бугарија од 10.000 до 15.000 и во Романија од 80.000 до 100.000, или вкупно од 400.000 до 600.000 *Власи* на Балканот (N. Saramandu, 1984: 423). Некои романски истражувачи тенденциозно ја зголемуваат бројката на *Власите* споменувајќи цифри и до 5.000.000 лица.

Во Македонија, според пописот од 2002 година, како *Власи* се изјасниле 9.695 лица или 4% од вкупниот број на населението. Со пописот од 1981 година се евидентирани 6.384 *Власи* или 3.311 *Власи* помалку. Но ако се направи споредба со пописот од 1953 година, кога 10.751 лице се изјаснило како припадник на влашката заедница, тогаш станува сосема јасна појавата на етничка мимикрија кај ова население, па оттука е илузорно да се даваат какви било прогнози за точниот број на *Власите* на Балканот.

**Референци:**

Антољак С., *Средновековна Македонија I*, Скопје 1985.

Антонијевић Д., *Обреди и обичаји балканских сточара*, кн. 16, Београд 1982.

Baldacci A., *Studi speciali Albanesi*, Vol I. Serie storico-politica, Roma 1932.

Beuermann A., *Fernweidewirtschaft in Südosteuropa*, München 1964.

Ваиганд Г., *Аромьне*, Варна 1899.

Вучичевић Н., *Етимологија појма „Влах“ и његова разна значења, Предмет изучавања пастирских заједница у Југославији*, Црногорска АНУ, научни скупови, књ. 7, Одељење друштвених наука, књ. 3, Титоград 1981, с. 318.

*Византиски извори из историју народа Југославије, III*, Посебна издања Византолошког института, 10, Београд 1966.

Wace A. J. B., Thompson M. S., *The Nomads of the Balkans*. An Account of life and Customs among the Vlachs of Northern Pindus, London 1972.

Glück C. W., *Die bei Cäsar vorkommenden Keltischen Namen*, н.д. 96, noted by Henry H.

Howorth, „*The Germans of Caesar*", The English Historical Review 23, No. 91, July 1908, с. 417–433, с. 433 бел. 98.

Д'бово Х., Патопис од 1614 год., *Балканот во делата на странските патописци*, Скопје 1992.

Ђурђев Б., *О војницима*, ГЗМ, II, 1947.

Ђурђев Б., *О утицају турске владавине на развитак наших народа*, Годишњак Историског друштва БиХ, год. II, Сарајево 1950.

*Enciklopedija Jugoslavije* II, Zagreb 1956.

*Enciklopedija Jugoslavije* VI, Zagreb 1965.

Зборник *К. Јиричека, I*, САН, посебна издања књ. CCCXXVI, Оделење друштвених наука књ. 13, Београд 1959.

Јиричек К., *Историја Срба, I*, Београд 1922.

Кочишка Б., *Етничкиот идентитет кај влашката етничка заедница*, (магистерски труд во ракопис), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Филозофски факултет, Институт по социологија, Скопје 2004.

Капидан Т., *Македо-Романците*, Историска и описна скица на романските населенија на Балканскиот Полуостров, Скопје 2004.

Leake W., *Travels in northern Greece I*, London 1835.

Liv. T., XXXVIII, 16, 1.

Матковски А., *Македонскиот полк во Украина*, Скопје 1985.

Merdita Z., *Vlasi, polinomičan narod*, (труд во печат), Hrvatski institut za povijest, 2007.

Настев Б., *Аромунске загонетке*, Београд 1980.

Острогорски Г., *Историја на Византија*, Скопје 1992.

Попникола Н., *Првите слушнати зборови и пишувања на влашки*, Битола 2004.

Панов Б., *Средновековна Македонија, 2*, Скопје 1985.

Панов Б., *Средновековна Македонија, 3*, Скопје 1985.

Поповић Д. Ј., *О Цинцарима*, Београд 1937.

Попникола Н., *Денационализација на Арм'ните*, Битола 2006.

Powel T. G. E**.**, *The Kelts*, London 1958.

Pouquevilla F. C. H. L., *Voyage de la Gréce*, Vol. 2, Paris 1826.

Papageorgiu S., *Koutsoblachoi*, Atina 1909.

Papazoglu F., *Srednjovekovna plemena u predrimsko doba, ANUBiH, Djela*, knj. XXX, Centar za balkanološka ispitivanja, knj. 1, Sarajevo 1969.

Palikruševa G., *Status Vlaha u Makedoniji u XV i XVI veku*, Odeljenje društvenih nauka, knj. 22, Sarajevo 1983.

Скок П., *Чешка књига о Влашком праву*, ГЕМ, Сарајево 1918.

Станојевић Ст., *Народна енциклопедија Српско-хрватско словенечка I*, Загреб 1929.

Saramandu N., *Aromâna*, Craiova 1984.

Трпкоски В. Ј., *Власите на Балканот*, Скопје 1986.

Thunmann J., *Untersuchungen über die Geschichte der östlichen europäischen Völker*, Leipzig 1774.

Friedman Victor A., *The Vlah Minority in Macedonia,* Helsinki 2001.
http://www.farsarotul.org.

*Hrvatska enciklopedija* IV, Zagreb 1942.

Цвијић Ј., *Балкански Полуостров*, Београд 1906.